РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2008 бр. Q-1691/0

Бр./Nr 12-578/6
16-09-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ---------- ---------- од --------, на продолжението на 38-та седница одржано на ден 14.09.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-5181/1 од 12.11.2019 година на подносителот ---------- ---------- од --------„ **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за постапување во предметот со број 12-5181 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-5181/1 од 12.11.2019 година.

Предметот со број 12-5181 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-5181 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-5181/1 од 12.11.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) од подносителот ---------- ---------- од --------,.

Во доставената пријава изнесени се наводи за преправање на финансиски картици сторено од страна на фирмата Снабдување со топлина -------- --------- ДООЕЛ Скопје, по основ на кои бил издаден извод од заверена деловна книга за неплатен долг врз основа на кој истата фирма поднела тужба против подносителот и била заведена судска постапка поради неплатени сметки за испорачана топлинска енергија. Кон пријавата, од страна на подносителот до ДКСК доставени се неколку дополнувања заведени во архивата на ДКСК под број 12-578/1,2,3,4 и 5 од 2020 година, со кои подносителот на пријавата доставува дополнителни информации и податоци во врска со предметниот случај и побарано од Државната комисија да изврши потврдување на валидноста на одредени фактури, судски доставници и финансиски картици.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, дополнувањата кон истата и приложената документација, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот и го констатира следното:

- Во предметниот случај станува збор за финансиски картици и извод од заверена деловна книга од 15.04.2015 година издадени од страна на фирмата Снабдување со топлина ------- --------- ДООЕЛ

Скопје, на име на подносителот на пријавава по однос на неплатени сметки за испорачана топлинска енергија, а кои му биле издадени како на потрошувач кој имал склучено договор за испорачување на топлинска енергија со наведената фирма.

- Подносителот на пријавата се сомнева дека наведените финансиски картици и издадениот извод биле преправени од страна на фирмата за снабдување со топлина и истите ги смета за неверодостојни исправи.

- По налог на наведената фирма, а врз основа на издадениот извод, на 04.05.2015 година било издадено решение од страна на нотар за долг на лицето ----------- ---------- од --------, по основ на неплатени фактури за испорачана топлинска енергија за четири месеци од 2014 година во износ од 15.436,00 денари, а кои според подносителот на пријавата се однесувале за друго лице.

- За предметниот случај биле водени судски постапки пред Основен и Апелационен суд во Скопје во кои биле донесени пресуди во корист на правното лице, а подносителот на пријавата бил задолжен да плати судски трошоци и законска казнена камата по основ на пресметаниот долг.

-Во моментот на поднесувањето на пријавата до ДКСК, за предметниот случај во тек била постапка пред надлежен суд по предмет кој бил вратен на Апелациониот суд во Скопје во врска со донесено решение ГЖ -3073/18 од 09.09.2019 година.

-Подносителот на пријавата бара ДКСК да ја докаже валидноста на наведените финансиски картици и издадениот извод од заверена деловна книга, бидејќи се сомнева дека истите биле преправени и ги смета за неверодостојни исправи.

Врз основа на сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека во конкретниот случај станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување односно, дека ДКСК не врши докажување на валидност на документи издадени од други органи, а воедно во врска со случајот се води постапка пред надлежен суд. Од вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија оцени дека нема надлежност за постапување во предметниот случај, доставената пријава да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 14 септември 2020 година под бр. 12- 578/6**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот

Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил : Катица Николовска, Член на ДКСК